ИП1 29-81
Дата: 02.04.2025,
Гевгелија,

Државниот Инспекторат за животна средина преку Вера Љатева ,со службена легитимација број 06-0016 ,изврши Вонреден инспекциски надзор во приватна штала на физичко лице сопственост на Љубомир Урош Тасиќ , и со Записник бр ИП1 29-81 од 25.03.2025 година ,ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од Закон за Животна средина средина (Сл.весник на Р.М. бр 53/05,81/05,24/07,159/08,48/2010,124/2010,51/2011,123/2012, 93/13,187/13,129/15,192/15,39/16,99/18,176/21и99/22) и член33 од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.весник 89/2022)

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** физичкото лице Љубомир Урош Тасиќ , да ги одстрани недостатоците утврдени со Записник бр ИП1 29-81 од 25.03.2025 година и тоа:

1. Да не испушта отпадни води во дворното место создадени од животните истите да се собират во јама и се одведуваат на обработлива површина.
Рок :30 (триесет дена )од денот на приемот на решението,
2.Редовно да го собира губрето од измет од животните и истото да се одведува на обработливи површини.
Рок :30 (триесет дена) по приемот на решението.
3.Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1и2, на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено / или по електронска пошта v.ljateva@sei.gov.mk да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.
4.Жалбата против оваа решение не го одлага неговото извршување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Направен е Вонреден Инспекциски надзор по издаден Инспекциски налог со број 02-382 од 25.03.2025г а во врска претставка-Барање за асистенција од страна на Општина Дојран со број УПП12-17 од 14.03.2024год.Од увидот се констатира на локација позади семејна кука на лицето Тасиќ Урош Љубомир на КП бр549во ко Црничани има изградено штала –просторија за чување добиток.Од увидот се констатира физичкото лице од добиток поседува 3 крави ,Маторица 1,мали прасиња вкупно 3 .Пред шталата имаше приколка во која го собира арското губре и истечена отпадна вода од објектот .Од страна на сопственикот се изјави дека водата се одведува во јама но во моментот имаше истечено надвор на почвата бидејки се скинало

цревото.Согласно член 24 од Закон за животна средина а согласно Уредбата за дејности и активности за кој е потребно Елаборат за заштита на животната срединаа во врска со Заклучок донесен од страна на МЖСПП со број 11-1118/2од 09.02.2012 .Во кој заклучок е објавено дека за дејности и активности објекти за интензивно одгледување на животни 10 и помалку од 10грла нема обврска да изработуваат Елаборат за заштита на животната средина.Но имат обврска да се грижат за животната средина при што не може да испушта отпадни води,редовно да го собира губрето и го носи на обработливи површини или да го предават на лица за кој имат потреба за тоа.Направени се фото документи од лице место.Записникот е составен и изготвен во Канцеларија Гевгелија на ДИЖС поради немање услови на лице место а согласно член31 став 7 од Закон за инспекциски надзор во животната средина.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 аво врска со Заклучокот број11-1118/2од 09.02.2012 а во врска со член24од ЗЖС се донесе Решение како во диспозитивот.Доколку во определениот рок не се постапи по решението,Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка.Согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина(Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010, 51/2011,123/12,..129/15,39/16.....99/22). Жалбата изјавена против оваа Решение не го одлага неговото извршување во смисла на член 208 став 10 од Законот за животна средина(Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,51/2011...99/18).

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од15дена од приемот на решението согласно член 84 од Закон за инспекциски надзор,до Државната комисија за одлучување во управна постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор втор степен. Согласно член 208 став 8 од Закон за животна средина .
Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Гевгелија под број ИП1 29-81од 02.04.2025година.

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Вера Љатева

Доставено до:
-ЉубомирТасиќ